Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/ Num. ark.: 20-5/5
Датум/Data: 04.07..2022

До:
Здружение Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница
Пласница б.б. О.Пласница

Предмет: Известување по Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, со статус на организација од јавен интерес

Почитувани,

Комисијата за организации со статус од јавен интерес на седумнаесеттата седница одржана на ден 24.06.2022 година, повторно го разгледа Деловниот и финансиски извештај за 2020 година на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово – Пласница, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржат сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на Деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.18/2011).

Имено, Комисијата констатираше дека наведената веб страница на здружението не е функционална поради што е потребно здружението да прикаже дека Деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на здружението, а согласно со член 87 од Законот за здруженија и фондации, на што веќе еднаш ви беше укажано и со наш допис бр.20-5/1 од 09.03.2022 година.

Ве молиме во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот, да овозможите пристап до веб страната на здружението и да го објавите Деловниот и финансискиот извештај на веб страната, се со цел повторно разгледување на извештајот од страна на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Доколку во наведениот рок не постапите по доставеното барање, ве известуваме дека Комисијата за организации со статус од јавен интерес ќе постапува согласно постоечката законска регулатива.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ
СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
Марија Мицевска

Подготвила: м-р Даниела Симоновска, помлад соработник за граѓански сектор
Контролирала: Сања Савовска, помошник раководител на сектор за анализа на политиките и координација засоработка со граѓанскиот сектор
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Раководител на Сектор за анализа на политиките и координација